Бр. 09 - 1909/2
24.05.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седумнаесеттата седница одржана на ден 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-1909/1 од 23.03.2019 година, бидејќи во истиот нема сомневање за постоење на судир на интереси за да поведе постапка и да утврди судир на интереси.

Предметот со број 09-1909/1 од 23.03.2019 година година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1909/1 од 23.03.2019 година година е оформен врз основа на доставена анонимна пријава во која е наведено дека блиски лица на еден советник во кабинетот на Претседателот на ВРСМ, се избрани и именувани во други државни институции, по што Државната комисија утврди дека пријавениот советник не стои во евидентната листа од Канцеларијата на Претседателот на ВРСМ.

Исто така, во пријавата е наведено и за друго лице кое ја извршувало функцијата директор на државна лабораторија, но по направен увид од страна на Државната комисија констатирано е дека наводите не се потврдуваат.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во истата нема елементи, ниту индиции за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk